# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
27 Ноември - 3 Декември 2017 година Број: 283

# ЕКО - ИНСПЕКТОРИТЕ ВО КОНТРОЛА НА МОМИН ПОТОК

Во засилената акција која ја започна Општина Карпош за расчиствување на мини депониите и контрола на потенцијалните загадувачи, денеска, претставници од Секторот инспекторат при Општина Карпош, заедно со инспектори од Градот Скопје и Државниот инспекторат за животна средина имаа работна средба во индустриската зона Момин Поток.

Со посебно внимание се изврши увид и контрола на Топилницата во Момин Поток, за која имаше контроверзни гласини и шпекулации од граѓаните и е констатирано  дека не станува збор за топење на олово. За поточни сознанија, на фирмата и е наложено во најскоро време да изврши специјализирани мерења од страна на акредитирана лабораторија, во присуство на претставник од Државниот инспекторат за животна средина кои ќе ја испитаат емисијата на гасови што ја врши Топилницата.

Во зависност од резултатите од мерењата ќе следат конкретни мерки кои ќе бидат преземени од страна на сите надлежни институции.

На средбата се разговараше и за комуналниот и градежен отпад кој е воочлив во овој дел на Карпош. Општината започна да ги чисти мини депониите на повеќе локации, но,освен тоа, за да не се повторува трупањето отпад, потребно е подигнување на јавната свест за да спречиме идно загадување.

Во оваа насока, ќе се направи уште една или повеќе средби, зависно од нивните потреби, со управителите на правните субјекти од Момин Поток кои ќе бидат од едукативен карактер, сé со цел да ја зголемиме информираноста кај сите страни за важноста од заштита на животната средина и чистиот воздух.

# АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАРКИНЗИ ВО КАРПОШ 4

Денеска продолживме со асфалтирање на паркинзите на ул.Волградска во урбаната заедница Карпош 4. Изведувач на градежните работи е фирмата „Изолација“.



# СПЛОТЕНИ ПРОТИВ СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

По повод 16 дена активизам против семејното насилство, кој оваа година се одбележува под мотото „ Со срце, за секоја една“, како светски воспоставена практика, во просториите на урбаната заедница „ Кузман Јосифовски- Питу“ при Општина Карпош се одржа трибина за семејното насилство.

Како што нагласи координаторката за родова еднаквост во Општина Карпош Виолета Михајловска, Општината секогаш се грижела за воспоставувањето на еднаквите можности помеѓу двата пола. На трибината освен претседателката на организацијата на жени во Град Скопје Томка Дилевска, и координаторката на СОС линијата при овој центар Снежана Смилевска, кои беа модераторки на трибината , беа присутни и претставнички од урбаните и месните заедници, граѓанки кои активно дебатираа на оваа тема и ги изложуваа проблемите со кои се соочуваат жените- жртви на семејното насилство во нашето општество.

- Нашата организација постои од 1994 година, и се занимава со третманот односно згрижувањето на жените – жртви на семејното насилство. Во последната декада, морам да нагласам дека свесноста за овој проблем е на едно повисоко ниво, односно жените сé повеќе се свесни за психичката и физичката тортура која ја трпат и за која пријавуваaат во надлежните институции или организации, нагласи претседателката на организацијата Томка Дилевска.

Координаторката на СОС центарот за згрижување на жени- жртви на насилство , Снежана Смилевска, потенцираше дека во нашата држава има минимален број на отворени шелтер центри, и дека институциите треба повеќе да посветат внимание и да дадат важност на овој горлив проблем, со кој се соочува Република Македонија.

- Доколку се ратификува Истанбулската конвенција за заштита на жртвите од семејното насилство, тогаш голем број на министерства, социјални центри, локални самоуправи, и други институции ќе бидат законски обврзани да прават годишни акциски планови за семејното насилство. Така, овој проблем, полека ќе се искачи на пиедесталот и истиот ќе добие гласност во општеството, заклучи Смилевска.

На трибината активно учествуваа многу голем број од присутните граѓанки, кои изложуваа лични искуства, примери на свои блиски, познати кои биле предмет на семејно насилство. Сите присутни заклучија дека на полето на заштита на жртвите на семејното насилство има напредок, но дека има уште многу простор да се работи на оваа проблематика, поради стереотипноста и стигматизацијата која владее во македонското општество.


ОПШТИНА
КАРПОШ
За Карпош
кој го сакам!


МТМ
1 СКОПСКА


За силата има правдина
Ние сме тука за вас
Вие не сте сами
Не молчете, јавете се!
02/ 15700
Можеме да ви помогнеме
Само вие можете да одлучите
дали ќе му кажете НЕ на
семејното насилство!

## БОГОЕВ - ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Денеска се одржа конститутивната седница на Генералното собрание на Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС.

За претседател на заедницата која ги обединува сите општини во Република Македонија е избран градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов. Исто така, на оваа седница, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев е избран за член на Управниот одбор на ЗЕЛС.Овој орган е задолжен да ги спроведува политиките, заклучоците и одлуките на Генералното собрание и ги води активностите на ЗЕЛС меѓу две седници.ЗЕЛС е посветена на афирмација на вредностите на локалната самоуправа, како и развој на принципите на децентрализација и демократија.



# ГРАЃАНСКИОТ ФОРУМ ГИ ДЕТЕКТИРАШЕ НАЈВАЖНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Денеска, продолжи третата сесија од граѓанскиот форум, на која учесниците ги одбраа најсуштинските проблеми со кои се соочува Општина Карпош. Претставниците од урбаните заедници и жителите на локалната самоуправа разговараа за најбитните прашања кои ги тангираат сите граѓани на Општината.

Овозможување на проодни улици, и паркинг места, подигнување на свеста на граѓаните за селектирање на отпадот, изградба на паркинг –платформи во подрачјата каде што има најголема фрекфенција на сообраќај на територијата на локалната заедница, решавање на проблемот со хаварисаните возила, како и ревидирањето на Деталните урбанистички планови, се проблемите кои по пополнувањето на анкетниот лист се најдоа најгоре на ранг-листата, како прашања кои заслужуваат итност во решавањето. Исто така, битни прашања за решавање на карпошани се и промената на азбестните покриви, и реконструкцијата на платото пред „ Порта Влае“. Учесниците се согласија дека постои нужност , во иднина да се организираат поголем број на граѓански форуми, на кои ќе се дебатира за потребите на локалната самоуправа.

По приоретизирањето на проблемите, учесниците во денешниот граѓански форум разговараа подлабинки за нивното решавање, односно ги воочуваа сите аспекти и фактори кои се суштински важни при нивното решавање.

# ДВЕ ГРАДИНКИ ОД КАРПОШ ЌЕ ДОБИЈАТ ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХОТ

Советниците од Општина Карпош на денешната седница на Советот, го поддржаа предлогот на градоначалникот Стефан Богоев, со кој локалната самоуправа ќе им отстапи три јонизатори (прочистувачи на воздухот), на две предшколски установи кои функционираат на територија на општината. Клонот на градинката „Орце Николов“ во Карпош 2 ќе добие еден, а клонот на градинката „Мајски Цвет“ во Тафталиџе 2 ќе добие два јонизатори за воздух, кои ќе ги користат на неопределено време.

Во рамки на седницата, советниците го поддржаа предлогот на првиот човек на Општина Карпош, со кој локалната самоуправа ќе обезбеди финансиска и материјална помош за три семејства од населбата Злокуќани, чии домови вчера ги зафати голем пожар. На двете семејства кои претрпеа огромна материјална штета, Општината ќе им обезбеди парична помош, а за третото ќе обезбеди градежни материјали, бидејќи се работи само за опожарување на покривот на куќата. Со цел да им помогне на своите сограѓани, Општина Карпош исто така ќе повика повеќе компании и приватни стопанственици, да се приклучат кон апелот за помош на семејствата, чии домови настрадаа во синоќешниот пожар.

Во продолжение на седницата, поради стапување на јавна функција – директор на Ј.П „Водовод и канализација“ – Скопје, советниците утврдија престанок на мандатот на Душко Весковски, како досегашен член и претседател на Советот на Општина Карпош. Отсега, функцијата претседател на Советот ќе ја извршува Андреј Манолев, а Елена Антониевиќ е именувана за нова советничка.

Претседателот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Филип Даскаловски, ги предложи а советниците ги изгласаа новите претседатели и членовите на десетте Комисии кои функционираат во рамки на Советот на Општина Карпош. Со иста динамика беше усвоен и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош, за периодот од 1. јануари до 30. септември 2017 година.

Мнозинството советници, дадоа согласност за измена на Статутот на Јавната установа, ЈУОДГ „Пролет“ - Скопје, како и за измена на Статутите на Приватни установи за детските градинки „Весела Дружина“ - Скопје и „Светот на Колорес“ – Скопје.



# КАРПОШ ЌЕ ЈА ПОДИГНЕ ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Во пресрет на 3. декември, Меѓународен ден на лицата со посебни потреби, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев денеска, во својот кабинет разговараше со претставници од здруженијата „Трисомија 21", „Раст", „Енигма" и здружението „Церебрална парализа". Примарна цел на овие здруженија е подобрување на условите во кои се образуваат и претстојуваат лицата со посебни потреби. На работната средба се говореше за подобрување на соработката меѓу Општина Карпош, градинките и основните училишта на нејзина територија, со сите здруженија посветени на оваа проблематика.

Низ заеднички дијалог, градоначалникот Богоев се обврза дека Општина Карпош значително ќе работи на подобрување на статусот и условите на лицата со посебни потреби. Од тука, како конкретни чекори кои дополнително се преземаат е вклучување и присуство на седниците на Советот на сите засегнати страни (за прашања од областа на социјалната заштита и инклузија), како и овозможување на поголема соработка со Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, кое функционира во рамки на локалната самоуправа.

Во претстојниот период, Општина Карпош заедно со граѓанските организации ќе работат на подготовка на Регистар за лица со посебни потреби, кои живеат на територија на Карпош. На состанокот се разгледуваше и можноста за отворање на Дневен центар за лица со посебни потреби, во состав на Општината, кој ќе биде место за дополнителна социјализација и работа со лицата со попреченост.







- Потребни ни се целосни и точни податоци за бројот на деца и возрасни лица со посебни потреби во Карпош, за да можеме и системски да ги решаваме проблемите. Токму затоа, наша заложбата е да се грижиме за овие наши сограѓани 365 дена, а не само еден ден во годината - потенцираше Богоев.

Претстојниот Ден на лицата со посебни потреби (3. декември), ќе се одбележи под мотото „Трансформација кон одржливо и еластично општество за сите". Важна е потребата од сеопфатна социјална инклузија, и пред се, јакнење на јавната свест за прифаќање на лицата со посебни потреби.
Уште во предучилишното образование, во градинките, а потоа и во училиштата треба да се работи на прифаќање на различностите. За жал, и во образовните установи сеуште постојат пречки за целосно интегрирање на децата со посебни потреби. Бариерите се однесуваат на отежната комуникација, меѓу ученик – наставник – родител, како и во немањето основни услови за престој и едукација на овие лица.

Општина Карпош, традиционално, продолжува со доделувањето на еднократна парична помош за лицата со попреченост. Во понеделник, во 12:00 часот, во спортската сала на ООУ "Лазо Трповски" градоначалникот Стефан Богоев и советниците од Општина Карпош, ќе се сретнат со повеќе од сто граѓани, лица со посебни потреби кои живеат во оваа локална заедница.

# НЕДЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКО-ЛИНИЈАТА НА КАРПОШ

На 24.11.2017 година, Општина Карпош отвори телефонска линија за пријавување на загадување на животната средина на територија на локалната самоуправа. Од отворањето на т.н Еко-линија (078-257-640), за пријавување на палење смет, гуми, кабли, пластика и друг токсичен отпад на територија на Општина Карпош, до денеска, се забележани 64 јавувања од страна на граѓаните.

На повиците се одговара од страна на Секторот инспекторат при Општина Карпош. Досега, најголемиот број од јавувањата се однесуваат на работата на Топилницата која се наоѓа во населбата Момин Поток. По увидот од страна на инспектор на Општина Карпош, како и инспектори од Државниот инспекторат и Градот Скопје, со решение е задолжен субјектот да изврши мерење во процес на работењето на печката од страна на акредитирана лабораторија за емисијата на гасови од Топилницата. По добивање на Извештај со резултатите од мерењето ќе следат конкретни мерки од страна на надлежните институции. Исто така, карпошани пријавуваат и јавни површини со отпад кои се чистат од страна на комуналните редари на Општина Карпош.

За намалување на овој горлив проблем, Општината, уште на 6. ноември започна со дежурства и редовни контроли за спречување и санкционирање на потпалувачите на смет на јавните површини. Секојдневно се чистат и мини сметлишта (депонии), во повеќе урбани заедници во Општината. Продолжува интензивната комуникација и со Полициската станица Карпош, Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со Државниот инспекторат за животна средина. Телефонската линија и понатаму е активна. Општина Карпош апелира за правилно користење на истата и за пријавување на загадување, единствено на територија на Општина Карпош.